# ГРАНИТ

www.granit.com.mk

ГЛАСАЊЕ ПО ПАТ НА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА

Се повикуваат и охрабруваат сите акционери да гласаат по точките на дневен ред, одлуките и материјалите објавени заедно со Јавниот повик, со пополнување на Образец за гласање со кореcподенција, кој е објавен на официјалната интернет страница на Друштвото на следниот линк: www.granit.com.mk.

Уредно пополнетиот Образец за гласање со кореcподенција, акционерот треба да го достави во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот правно лице.

Заедно со пополнетиот образец за гласање со кореcподенција, заради потребите на идентификацијата, секој акционер физичко лице е потребно да достави и копија од документ за идентификација (лична карта / патна исправа). Заедно со пополнетиот образец за гласање со кореcподенција, заради потребите на идентификацијата, секој акционер правно лице е потребно да достави и копие од важечка тековна состојба за правното лице акционер и копија од документ за идентификација (лична карта / патна исправа) на законскиот застапник на правното лице. Образецот во оригинал заедно со погоре наведените документи за идентификација, со назнака "За Собранието на акционери", мора да бидат примени во седиштето на ГД Гранит АД Скопје, адреса ул. Димитрије Чуповски бр. 8, 1000 Скопје најдоцна до 15.05.2026 година до 16,00 часот.

Гласање се врши со пополнување на празните линии до секоја предлог Одлука со зборовите „ЗА" , „ПРОТИВ", или „ВОЗДРЖАН". Гласањето за записничар и заверувач нема да се спроведува со оглед дека согласно Законот за трговските друштва Записникот ќе го води нотар.

Гласачките ливчиња ќе бидат објавени по истек на 8 дена од објава на огласот.

**ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ**

granit@granit.com.mk | Тел: +389 2 3218 700 | Факс:+389 2 3217 976

Димитрие Чуповски 8, 1000 Скопје, Македонија